Ново Срце

Неделен Христијански Интернет Билтен Година IV. бр. 140. Дата: 27. 08. 2012.

# Жртвата на Едвард Спенсер



На 8-ми Септември, 1860, околу 02:00 по полноќ, еден брод по име "The Lady Elgin" бил разбиен од силна бура, на езерото Мичиген. На бродот имало околу 300 патници и екипаж. Во непосредна близина се наоѓало училиштето „Northwestern University“. Студентите од училиштето формирале спасувачки екипи, но дури и тие не можеле да ги спасат сите луѓе од давење. Еден од студентите бил и Едвард Спенсер (Edward Spencer). Тој бил познат атлет и искусен пливач. Кога пристигнал на самото место, иако брановите биле силни и водата студена, Ед без двоумење се фрлил во водата и решил да ги искористи своите атлетски способности, за да спаси што е можно повеќе давеници. Веднаш штом ќе извлечел некого на брегот, повторно се враќал во езерото, за да спаси и други. Дури и кога веќе бил преморен и исцрпен, не сакал да се откаже, бидејќи имал решено да го даде најдоброто од себе си.

Таа вечер, Едвард успеал да спаси 17 луѓе, пред самиот тој да се онесвести од преморeност. Овој негов напор го чинел неговото здравје. Поради преморeноста и исцрпеноста, тој повеке не можел да се натпреварува како порано. Станал полу-инвалид, со ослабнато тело, кое лесно се исцрпува и заморува.



Години подоцна, еден човек решил да го посети Ед во Феникс, Аризона, во неговата мала куќичка, на крајот од градот. Потсетувајќи го на храбриот подвиг, со кој Едвард спасил 17 луѓе, посетителот прокоментирал дека сигурно одржува врска со повеќето од нив и дека редовно го посетуваат и му искажуваат благодарност за спасувањето на нивните животи.

Ед молчел неколку секунди. Додека посетителот го очекувал неговиот одговор, забележал како солза протекува по неговиот образ. Конечно Едвард успеал да ги прибере своите чувства и одговорил: "ниту еден од нив, никогаш не се врати барем да ми заблагодари”.

Во историјата на човештвото беше изведена уште една голема спасувачка операција. Можеби не си свесен за тоа, но и самиот ТИ си вклучен во таа спасувачка операција. Ти, јас и секој друг човек, се дави во една духовна состојба наречена грев. Библијата вели: "сите згрешија и се лишени од славата Божја" (Римјаните 3:23). Заради Неговата љубов за нас, Бог го испрати Својот Син Исус, за да нé избави од гревот. *„Зашто Бог толку ги засака луѓето од овој свет, што го даде Својот Единороден Син, та секој кој верува во Него да не загине, туку да има вечен живот“*. (Јован 3:16).

Едвард Спенсер ја даде сета своја енергија и сила, за да спаси 17 луѓе од давење, но Синот Божји го даде Својот живот за да нé спаси од нашите гревови (Римјани 5:8-10, Матеј 1:21).
**Дали барем Го удостои, да Му заблагодариш за Неговата спасителна жртва на крстот?**

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**